ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 30-187/2**

**Дата: 24.02.2011**

**ДО**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Резиме**

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (630) на Општина Центар за 2009 година.

Во рамките на оваа ревизија, беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година. Утврдено е дека дел од дадените препораки не се спроведени, особено во делот на функционирањето на даночната администрација и евидентирањето на побарувањата.

За вистинитоста и објективноста на резултатот од финансиските активности за 2009 година и за усогласеноста со законите и прописите е изразено мислење со резерва, додека за состојба на сметката на основниот буџет (630) на Општина Центар на ден 31 декември 2009 година, мислењето е негативно.

Работите на утврдување и наплата на локалните даноци, надоместоци и комунални такси кои се приходи на Општина Центар, согласно Законот за градот Скопје, ги врши даночната администрација на градот Скопје. Како резултат на ова законско решение, до крајот на 2009 година во Општина Центар не функционира даночно одделение, а во текот на 2010 година е започнато со пополнување на работните места во ова одделение, предвидени во актот за систематизација на работните места.

Општината има можност за увид во податоците за даночните обврзници на нејзината територија и можност за следење на опфатот на регистрираните обврзници и висината на обврската, преку регистрите на Градот Скопје, меѓутоа, оваа можност во текот на 2009 година не е користена. Активности во однос на ажурирањето на податоците за даночните обврзници не се присутни, што е резултат на нефункционирање на даночна администрација во Општина Центар.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 10 и 11 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Центар, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2009 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основниот буџет (630) на Општина Центар за 2006 година. Изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основниот буџет (630) на Општина Центар под 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е со резерва, додека мислењето за усогласеност со закони и прописи во извештајот е без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Виолета Аларова - Градоначалник на Општина Центар до 15.04. 2009 година, и
- Владимир Тодоровиќ - Градоначалник на Општина Центар од 16.04. 2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Центар се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да

добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 13.09. до 24.09.2010 година, кај Општина Центар на сметката на основен буџет (630) од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2006 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија, на 23.11.2010 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор 12-208/3 од 13.12. 2010 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2009 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Согласно Законот за даноците на имот, администрацијата на општините во Градот Скопје и администрацијата на Градот Скопје се обврзани да водат регистар на недвижен имот, како база на податоци кој ги содржи имињата и адресите на даночните обврзници, вкупната површина на земјиштето и зградите, вредноста на имотот, даночните стапки и решенија за платен данок.
Општината нема воспоставено таков регистар, а добиениот регистар од Градот содржи податоци за обврзниците по основ на данок на имот со адреси и површина на имотот, без утврдена вредност на даночната обврска и без можност на следење на наплатата по обврзници. Можноста за увид во податоците за даночните обврзници на нејзината територија во регистарот што го води Градот Скопје, за следење на опфатот на регистрираните обврзници и висината на обврската сеуште не се користи, што делумно е резултат на сеуште неактивираната даночна администрација во Општина Центар.
Општината досега не иницирала активности, во соработка со Градот, во врска со ажурирањето на регистарот на недвижен имот.
Согласно Правилникот за систематизација на општина Центар од 2010 година, предвидено е одделение за администрирање со приходи со пет вработени. Во тек на 2010 година во одделението е вработено едно лице преку Агенција за привремени вработувања.

**Препорака:**
Одделението за даноци, такси и други приходи, да обезбеди увид во електронскиот регистар на даночни обврзници и следење на наплатата на приходите од данок на имот.
Иако законското решение целокупната активност во поглед на утврдување и наплата на даночните приходи за општините во Градот Скопје ја пренесува на Градот Скопје, Општина Центар заедно со другите општини, заради обезбедување пореални податоци и повисок степен на наплата на приходите, треба активно да се вклучи во активностите околу ажурирање на регистарот на обврзници по основ на данок на имот, во однос на опфатот и вредноста на даночните обврски и комунални такси за истакнување фирми.

### 4.2. Финансиски извештаи

4.2.1. Позицијата Побарувања во Билансот на состојба на 31 декември 2009 година е нереално проценета, односно помалку е искажана за неевидентираните побарувања во износ од 172,181 илјади денари, од кои:

- 78,733 илјади денари се побарувања по основ данок на имот, и

- 93.448 илјади денари се побарувања по основ на комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија.

Неевидентирањето на побарувањата не е во согласност со одредебите на членот 4 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, каде е уредено дека буџетите и буџетските корисници се должни во своето сметководство да обезбедат податоци за состојба на средствата, обврските и изворите на средствата.
По завршување на фискалната година Градот и доставува на Општината преглед на побарувања по основ данок на имот и комунална такса за фирма, меѓутоа, овие податоци не се евидентираат во сметководствената евиденција на Општината, што резултира со нереални и необјективни побарувања искажани во Билансот на состојбата.
Според објаснувањата, неевидентирањето на побарувањата се должи на фактот што во Општината ценат дека овие побарувања се нереални и прецентети како резултат на нереалните податоци во регистрите, особено кај обврзниците на комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија.

**Препорака:**
Одделението за материјално-финансиско сметководство, да изврши евидентирање на ненаплатените побарувања по основ на даноци на имот и комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија со состојба на 31.12.2009 година, а на крајот на секоја година, по добивањето на податоци од Градот да ги евидентира побарувањата.

4.2.2. Во 2009 година Општина Центар нема наплатено приходи по основ на комунална такса за паркирање на моторни возила од ЈП Паркинзи, што не е во согласност со тарифниот број 8 од Законот за комунални такси. Јавното претпријатие стопанисува со четири паркинзи кои во 2009 година работеле и оствариле приходи, во кои е содржана и комуналната такса. На сметката на општината не е уплатен приход по овој основ, што влијае на остварување на помалку приходи на Општината.
Во 2010 година ЈП Паркинзи на Општина Центар почнало да врши уплата на комуналната такса. За периодот од јануари до септември е извршено пресметка на комунална такса во износ од 2.614 илјади денари од кои се платени 1.744 илјади денари, поради што не се дава препорака по овој наод.

4.2.3. Општина Центар не остварува приходи по основ на комунална такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места. Ваквата состојба надлежните во општина Центар ја објаснуваат дека за рекламите на билбордите на целата територија на Град Скопје, Градот има склучено договор со корисниците на

овие простори и по тој основ остварува приходи кои се целосно негови приходи бидејќи се поставени на локации кои се во надлежност на Градот.
Билбордите поставени на улиците се напојуваат преку уличното осветлување за коишто половина од потрошокот го плаќа Општина Центар, а приходите од нивно издавање под наем ги наплатува Градот. Освен тоа, приходите од таксата за улично осветлување што ја плаќаат граѓаните на територијата на Општина Центар се делат во соодноc 40% за Општината и 60% за Градот. На овој начин Буџетот на Општина Центар е оптоварен со трошоци кои не се однесуваат на Општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Центар да иницира квантифицирање и надоместување на потрошокот на електрична енергија на билбордите поставени на територијата на Општина Центар од страна на Градот

4.2.4. Со увид во пописниот материјал е утврдено дека е приложена спецификација на побарувањата, меѓутоа, не е утврдено постоењето правен основ, целосност и правилност во евидентирањето на побарувањата и преземените мерки за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години, што не е во согласност со одредбите на член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Неизвршувањето на пописот во согласност со законската регулатива создава ризик од нецелосно евидентирање на побарувањата и нереално искажување на билансните позиции.

**Препорака:**
Пописната комисија да ја провери и потврди реалноста на искажаните побарувања согласно член 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.
Градоначалникот при донесување на решението/одлуката за вршење попис, да ја задолжи комисијата пописот на побарувањата да го врши во функција на утврдување на нивната правна основа и старосна структура, со цел навремено преземање мерки од страна на службите за нивна наплата, особено ако се има предвид дека општината има побарувања кои се провлекуваат од 2006 година.

4.2.5. Пресметан е надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на Источна и Западна трибина на Градски Стадион во Скопје. Надоместокот за секоја од трибините, изнесува 35.628 илјади денари од кои 40% или 14.251 илјади денари се дел на Општината, односно вкупниот надоместок што се однесува на Општина Центар изнесува 28,411 илјади денари. Советот на Општина Центар во ноември 2009 година донел одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување

на градежно земјиште за двете трибина со обврска инвеститорот да го уреди земјиштето, меѓутоа, износот на ослободувањето наведен во одлуката се однесува само на едната трибина (14,160 илјади денари).
Во сметководствената евиденција, врз основа на оваа одлука е извршено сторнирање на искажаното побарување за двете трибини, што се темели на описот во одлуката, а не на искажаниот износ. На овој начин во Билансот на состојбата се искажани помалку побарувања за 14,251 илјади денари.

**Препорака:**
Со оглед на фактот што несовпаѓањето на описот и износот во Одлуката за ослободување се објаснува како техничка грешка, Советот на Општината да донесе одлука за измена на износот во претходно донесената одлука. Доколку не се изврши измена на Одлуката, да се задолжи обврзникот да го плати надоместокот за уредување на градежното земјиште во делот за кој не се однесува ослободувањето.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точката 4.2.1. и 4.2.5. ефектот од неевидентираните побарувања по основ на данок на имот, комунална такса за фирма, односно назив на деловна просторија и надомест за уредување на градежно земјиште изнесуваат 186,341 илјади денари, за колку што се помалку искажани активата и пасивата во Билансот на состојбата

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, поради значајноста на ефектите на прашањата изнесени во точката 4.2.1 , 4.2.4. и 4.2.5 финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти финансиската состојба на сметката на основниот буџет (630) на Општина Центар на ден 31 декември 2009 година.

Резултатот од финансиските активности за годината предмет на ревизија, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2.2. и 4.2.3. е прикажан вистинито и објективно во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основниот буџет (630) на Општина Центар, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**6. Нагласување на прашања за неизвесност**

Обрнуваме внимание дека Општина Центар е тужена страна во судски спорови со повеќе правни и физички лица чиј износ не е можно да се квантифицира поради неутврдени вредности кај дел од нив.
Истовремено, Општина Центар е тужител во судски спорови, во најголем дел, за неплатени долгови на правни и физички лица за извршено рушење на објекти, неплатена закупнина и др.
Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје,21.02.2011 година

ОПШТИНА ЦЕНТАР

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 300.670 | 512.048 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 6.468 | 8.600 |
| Капитални приходи | 3.3. | 86.477 | 3.218 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 928.477 | 617.109 |
| **Вкупно приходи** | | **1.322.092** | **1.140.975** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 34.975 | 29.687 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 1.338 | 515 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 102.310 | 91.887 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 14.360 | 12.173 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 822 | 647 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **153.805** | **134.909** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 755.816 | 433.535 |
| **Вкупно расходи** | | **909.621** | **568.444** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **412.471** | **572.531** |

ОПШТИНА ЦЕНТАР
СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2009 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 412.471 | 572.531 |
| Побарувања | 4.1.2. | 53.284 | 44.504 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 59 | 344 |
| Аванси за капитални средства | 4.1.4. | 23.978 | 23.978 |
| **Вкупно тековни средства** | | **489.792** | **641.357** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **489.792** | **641.357** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.2.1. | 59 | 344 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 489.733 | 641.013 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **489.792** | **641.357** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **489.792** | **641.357** |

**Прилог 1**

**Резултати**

од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Општина Центар на сметката на сметка на основен Буџет ***(630)***

| Бр. на наодот | **Наод** | **Ревизорска област Препорака** | **Статус на препораката** | **Коментар на ревизорот/субјектот** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **11.1. Неправилна примена на акти** | | | |
| 11.1.1. | Општина Центар не остварува приходи по основ на такса за истакнување реклами, објави и огласи на јавни места. | - да се воспостави целосна евиденција на обврзници за комунални такси;<br>- да се започне со издавање пресметки на обврзниците за комунална такса за истакнување реклами; | Спроведена | Објаснувањето е дека нема реклами на нивни улици, а за музика дека е добиен одговор на градот дека нема такви приходи. Пресметките за дел од комуналните такси, со договор помеѓу општините и Градот се пренесени во надлежност на градот. |
| 11.1.2. | Општина Центар не остварува приходи по основ на комунална такса за користење на музика во јавните локали. | - во соработка со Градот Скопје да се обезбеди остварување приход за користење на музика во јавните локали. | | |
| 11.2. | **Неправилности во искажувањето на приходите/ расходите** | | | |
| 11.2.1. | а) Не е воспоставен систем на увид во документацијата на Град Скопје за даночните обврзници од територијата на општина Центар, така што општината нема можност за воспоставување на контролни постапки; | Одговорните лица во општина Центар да преземат активности со цел да профункционира одделението за администрирање на приходи, со обврска за: | Делумно спроведена | Одделението за даноци, такси и други приходи започнува да се пополнува во 2020 година (еден вработен).. Градот Скопје има воспоставено електронски |



*Ревизорски тим:*
1. ____________________
2. ____________________
3. ____________________

*Овластен државен ревизор*

____________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | б) Општината нема воспоставено регистар на недвижен имот, а добиените податоци од Градот не ги задоволуваат потребите што доведува до нецелосно и несоодветно дефинирање и следење на побарувањата од обврзниците.<br>в) Евидентирањето на приходите од комунална такса, се врши врз основа на пристигнатиот прилив на средства, без да се води грижа за точноста на остварените приходи.<br>г) Во општина Центар нема воспоставено целосна евиденција на должници кои согласно Законот за комунални такси и Законот за градење имаат обврска за плаќање комунални такси и надоместоци.<br>д) Не се врши усогласување со институциите кои вршат наплата на приходите, | - воспоставување целосна евиденција на даночни обврзници;<br>- обезбедување документиран доказ за секој прилив на средства;<br>- усогласување со институциите кои во име на општината вршат наплата на приходи.<br>- Да се воспостави единствен електронски регистар за Град Скопје и општините во Градот Скопје, така што секоја општина во секое време ќе има пристап во регистарот, увид во состојбата и промените на недвижниот имот и ќе може даја следи наплата на приходите од данок на имот. | | регистар на даночни обврзници за Град Скопје и општините во Градот Скопје, така што секоја општина во секое време може да има пристап во регистарот, увид во состојбата и промените на недвижниот имот и да ја следи наплата на приходите од данок на имот. Оваа можност во 2009 година не е користена |
| **11.3.** | **Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба** | | | |
| 11.3.1 | Позицијата Побарувања во Билансот на состојба на 31 декември 2006 година е нереално проценета, односно помалку е искажана за износот на неевиденитраните ненаплатени побарувања по основ данок на имот и комунална такса. | Надлежното одделение на општина Центар да ги обезбеди податоците за побарувањата по основ на даноци и такси кои во нивно име ги пресметува Градот Скопје. | Не е спроведена | Градот Скопје доставува податоци за побарувањата по основ на даноци и комунални такси на крајот на годината, меѓутоа овие побарувања не се сметководствено евидентирани. |



*Ревизорски тим:*
*1.* ______________________
*2.* ______________________
*3.* ______________________

*Овластен државен ревизор*
______________________

*Ревизорски тим:*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________

*3.* ______________________________

*Овластен државен ревизор*

________________________